**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 238/2018**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ШЕЛЛ АДРИА (SHELL ADRIA) ДОО Љубљана со седиште на ул. Бравничарјева улица бр. 13, Љубљана, преку адвокат Валентина Ристоманова засновано на извршната исправа Нотарски Акт ОДУ бр. 713/15 од 02.3.2015 на Нотар Ана Брашнарска, против должникот Глигор Каров од Кавадарци со живеалиште на ул. Киро Крстев бр. 13, за спроведување на извршување во вредност од 20.000,00 евра во денарска противвредност на ден на прием на барање износ од 1.230.218,00 ден., на ден 10.03.2022 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста запишана во имотен лист бр.4242 за КО Кавадарци - Вонград издаден од АКН - одделение за катастар на недвижности Кавадарци со следните ознаки:
ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

- КП 6635, дел 1, викано место: ПОРОЈОТ, катастарска култура: гз/гнз, со површина 3246 м2, со право на сопственост на должникот Глигор Каров од Кавадарци.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Даница Страчкова, изнесува 3.373.706,00 денари, а по предлог на доверителот изнесува **3.373.706,00 денари** под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Продажбата ќе се одржи на ден **12.04.2022 година во 12:00 часот** во просториите на Извршител Игор Антевски на адреса **ул. 8-ма Ударна Бригада бр. 20-А-1/2**.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Налог за извршување на Извршител Даница Страчкова, Налог за пристапување кон извршување на Извршител Благој Бањански.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста односно 337.371,00 денари.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

Д.-на: Доверител
Должник
Општина Кавадарци
ДПТУ ГАЛА ДОО Кавадарци
Извршител Благој Бањански

Х ______________________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.